Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми
Ndërmarrje publike për menaxhimin me pyjet shtetërore
НАЦИОНАЛНИ ШУМИ П.О.
PYJE KOMBËTARE P.P.
Бр./Nr. 05-506/1
04-07 - 2019 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Јавно претпријатие за стопанисување со државни шуми**
**НАЦИОНАЛНИ ШУМИ п.о. - Скопје**

**Финансиски извештаи за годината**
**што завршува на 31 декември 2018 година**

**и Извештај на независниот ревизор**

**СОДРЖИНА**


| | Страна |
|---|---|
| Извештај на независниот ревизор | 1 - 6 |
| Извештај за сеопфатна добивка | 7 |
| Извештај за финансиска состојба | 8 |
| Извештај за промените во главнината | 9 |
| Извештај за паричните текови | 10 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 11 - 46 |

Ревизија Чулева

Иван Аговски 1/2-1
1000 Скопје, Северна Македонија

Тел: 02 3094 014
office@revizijaculeva.com.mk
www.revizijaculeva.com.mk

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

## ДО ОСНИВАЧОТ И УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ п.о. - СКОПЈЕ

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ п.о. - Скопје (во натамошниот текст "Претпријатието"), кои се состојат од извештајот за финансиска состојба на ден 31 декември 2018 година и извештајот за сеопфатна добивка, извештајот за промени на сопственичката главнина и извештајот за парични текови за годината што тогаш завршува и прегледот на значајни сметководствени политики и останати белешки.

***Одговорност на раководството за финансиските извештаи***

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија. Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали истото е резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во дадените околности.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија објавени во Република Северна Македонија. Заради прашањата опишани во пасусот - Основи за воздржување од мислење, ние не бевме во можност да прибавиме достатни и соодветни ревизорски докази како основ за мислење на ревизијата.

***Основи за воздржување од мислење***

а) Како што е наведено во Белешка 19.3 кон овие финансиски извештаи, почнувајќи од 2013 година, кога е направена проценка на капиталот и негово запишување во Централен Регистар на Република Северна Македонија; Претпријатието го евидентирало ефектот од зголемување / намалување на објективната вредност на биолошките средства-шумите во своите финансиски извештаи преку ревалоризационата резерва. Ваквиот третман е во спротивност со МСС 41.34-Земјоделство, според кој ефектите од промените на објективната вредност на биолошките средства - шумите, што претставуваат безусловна државна поддршка, треба да бидат евидентирани преку Извештајот за сеопфатна добивка, односно преку акумулираната добивка / (загуба.)

Напоменуваме дека заклучно со 31 декември 2015 година е извршено вкупно намалување на вака утврдената ревалоризациона резерва за Ден 2,743,318 илјади. Ваквото намалување е извршено по разни основи што не се поврзани со зголемување/намалување на објективната вредност на биолошките средства-шумите.

Во 2014 година, исто така, е евидентирано зголемување на ревалоризациона резерва за износ од Ден 504,935 илјади како ефект од зголемување на објективната вредност на шумите.

Поради наведениот кумулативен ефект, не сме во можност да ја потврдиме вредноста на ревалоризационата резерва на 31 декември 2018 година.

*(Продолжува)*

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**ДО ОСНИВАЧОТ И УПРАВНИОТ ОДБОР НА**
**ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ п.о. - СКОПЈЕ**
**(Продолжение)**

***Основи за воздржување од мислење (Продолжение)***

b) Како што е наведено во Белешка 9 кон овие финансиски извештаи, утврдувањето на објективната вредност на шумите се спроведува во согласност со член 25 од Правилникот за содржина на посебните планови за стопанисување со шуми, посебните планови за одгледување и заштита на шуми и годишните изведбени планови ("Службен весник на Република Македонија" бр. 48/1998.)

Меѓутоа, овој Правилник, во делот што се однесува на вреднување на шумските насади, не е усогласен со МСС 41.18 – Земјоделство (објавен во состав на Правилникот за сметководство во "Службен весник на Република Македонија" бр. 159/2009) и Законот за проценување ("Службен весник на Република Македонија"бр.115/2010 со пратечките измени и дополнувања) во однос на утврдување на објективната вредност на биолошките средства, а особено:

- Објективната вредност на биолошките средства-шуми во Претпријатието се утврдува за период од 10 години, додека согласно МСС 41 - Земјоделство, освен по иницијалното признавање, објективната вредност, односно нејзиното зголемување/намалување се утврдува на секој датум на известување, додека ефектот од зголемување/намалување на објективната вредност се искажува преку Извештајот за сеопфатна добивка;
- Исто така, за ново утврдената објективна вредност кумулативно се зголемува вредноста на шумите од претходниот десет годишен циклус, без да се земе во предвид ефектот од намалување на објективната вредност или други намалувања предизвикани од сеча, опожарување и тн.
- На својата седница одржана на 31.10.2017 година, Владата на Република Македонија го задолжи ресорното Министерство во соработка со Претпријатието, да пристапи кон изотвување на методологија за процена на шумите во услови на непостоење активен пазар за утврдување на нивната објективна вредност. До датумот на овој ревизорски извештај, таква методологија не е изработена.

c) Како што е наведено во Белешка 7 и Белешка 9 кон овие финансиски извештаи, во Претпријатието не е воспоставена поврзаност помеѓу биолошките средства-шумите, како извор на граѓа, и производството, во кое дрвната маса се преработува и финишира во залиха на готови производи. Напротив, кај шумите не се евидентира никакво намалување како резултат на сеча, а влезот во производство во тек се евидентира по плански цени, кои во себе не ја содржат вредноста на дрвната маса од сеча. Поради наведеното, вредноста на биолошките средства-шуми перманентно се зголемува, а залихите на производство во тек и готови производи се евидентираат по нереално искажани вредности.

*(Продолжува)*

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**ДО ОСНИВАЧОТ И УПРАВНИОТ ОДБОР НА**
**ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ п.о. - СКОПЈЕ**
**(Продолжение)**

***Основи за воздржување од мислење (Продолжение)***

d) Како што е наведено во Белешка 5 кон овие финансиски извештаи, на 31 декември 2018 година Претпријатието побарува од државни институции Ден 164,275 илјади (2017: Ден 164,275 илјади.) Ова побарување се однесува на акцијата “Ден на дрвото” во која, секоја година, Претпријатието учествувало со садници и други помошни материјали, за кои доставувало фактури до ресорното Министерство, при што побарувањето кумулативно се зголемувало од година во година, меѓутоа наплата не била добиена поради тоа што формално правно никогаш не бил склучен купо-продажен договор.

Поради наведеното, Претпријатието нема правен основ за евидентирање на овие побарувања кон државните институции, па консеквентно, ние не ја потврдуваме нивната вредност на 31 декември 2018 година, односно ефектот врз така генерираните приходи.

Меѓутоа, трошоците генерирани за спроведување на акцијата “Ден на дрвото,” по својата суштина, а во согласност со член 96 од Законот за шуми, претставуваат компонента на проширената репродукција, па оттаму би требало да се разгледа можноста истите да бидат целосно пребиени со обврската за проширена репродукција која Претпријатието ја евидентира во своите финансиски извештаи секоја година (Белешка 13.) Ова особено со оглед на фактот дека акцијата “Ден на дрвото” е укината заклучно со 31 декември 2017 година, согласно Одлука на Владата на Република Македонија.

е) Како што е наведено во Белешка 13 кон овие финансиски извештаи, Претпријатието има обврска согласно член 95 од Законот за шуми, секоја година да издвојува 3% од вредноста на исеченото дрво франко камионски пат за проширена репродукција на шумите. Ваквата обврска на 31 декември 2018 година изнесува Ден 286,564 илјади (2017: Ден 249,901 илјади.) Во согласност со член 95.4 од Законот за шуми, Претпријатието има обврска средствата за проширена репродукција секоја година да ги уплатува во Буџетот на Република Северна Македонија. До датумот на овие финансиски извештаи, кумулираниот долг кон Буџетот на Република Северна Македонија не бил никогаш уплатуван. За наведеното е предвидена глоба за правното лице во согласност со член 102.27 од Законот за шуми, во износ од ЕУР 20.000 во денарска противвредност.

*(Продолжува)*

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**ДО ОСНИВАЧОТ И УПРАВНИОТ ОДБОР НА**
**ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ п.о. - СКОПЈЕ**
**(Продолжение)**

***Воздржување од мислење***
Поради значењето на прашањата објаснети во пасусот-Основи за воздржување од мислење, не бевме во можност да прибавиме достатни и соодветни ревизорски докази како основ за мислење на ревизијата за финансиските извештаи на ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ п.о. - СКОПЈЕ за годината што завршува на 31 декември 2018.

***Обрнување на внимание***
Без да даваме натамошни квалификации, обрнуваме внимание на следното:

а) Како што е наведено во Белешка 9.2 кон овие финансиски извештаи, заклучно со 31 декември 2018 година во Република Северна Македонија не постои катастар на шуми и шумско земјиште што согласно член 77.1 од Законот за шуми што треба да биде востановен од страна на органот надлежен за работите во шумарството. Поради наведеното, Претпријатието е оневозможено да направи официјален попис на биолошките средства-шумите, со кои стопанисува, за кое е обврзано согласно член 77.2 од истиот Закон. Напоменуваме дека на почетокот на 2018 година Министерството за земјоделие,шумарство и водостопанство обезбеди финансиска и техничка помош од Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите Нации (FAO) за спроведување на проценка на методологијата за имплементација на националната инвентаризација на шумите. До датумот на овој ревизорски извештај немаме информации дека се започнати соодветни активности во ресорното Министерство.

*(Продолжува)*

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**ДО ОСНИВАЧОТ И УПРАВНИОТ ОДБОР НА**
**ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ п.о. - СКОПЈЕ**
**(Продолжение)**

***Обрнување на внимание (Продолжение)***

b) Како што е наведено во Белешка 13 и Белешка 17 на овие финансиски извештаи:

- Во Претпријатието не постојат интерни упатства за сметководствениот третман на одредени области (упатства за евидентирање обврска за проста и проширена репродукција и сл.) Поради тоа, доаѓа до разлики во начините на сметководствено евидентирање меѓу деловните единици (подружници) што конечно негативно се реперкуира на ниво на финансиски извештаи на Претпријатие како целина. Исто така, во Претпријатието не се организираат обуки на вработените за МСС/МСФИ со цел нивно запознавање и правилна примена.
- Средства за проста репродукција и проширена репродукција на шумите во државна сопственост се обезбедуваат со издвојување одреден процент од вредноста на исеченото дрво, франко камионски пат во шуми. Вредноста на исеченото дрво франко камионски пат се утврдува со ценовници што не се ревидирани повеќе години во смисла на нивно приближување кон пазарните цени. Поради тоа, може да дојде до преценување/ потценување на вредноста која е потоа основа за утврдување на обврската за проста и проширена репродукција.

c) Како што е наведено во Белешка 30 на овие финансиски извештаи, направена е корекција (намалување) на претходно евидентираното зголемување на ревалоризационата резерва како ефект од проценка на неколку градежни објекти во една од Подружниците износ од Ден 5,669 илјади. Корекцијата е спроведена после датумот на финансиско известување поради дополнително утврдена неусогласеност со МСС 16-Недвижности постројки и опрема.

*(Продолжува)*

Ревизија Чулева
Иван Аговски 1/2-1
1000 Скопје, Северна Македонија
Тел: 02 3094 014
office@revizijaculeva.com.mk
www.revizijaculeva.com.mk

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**ДО ОСНИВАЧОТ И УПРАВНИОТ ОДБОР НА**
**ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ п.о. - СКОПЈЕ**
**(Продолжение)**

***Извештај за други правни и регулативни барања***
Раководството на Претпријатието, исто така, е одговорно за изработка на Годишниот извештај за работа во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме за конзистентноста на годишната сметка и финансиските извештаи за годината што завршува на 31 декември 2018. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работа е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работа се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Финансиските информации во годишниот извештај за работа се конзистентни, во сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ п.о. - Скопје за годината што завршува на 31 декември 2018.

**ТП РЕВИЗИЈА ЧУЛЕВА-Скопје**
Соња Чулева, Управител

Соња Чулева, *Овластен ревизор*

ТП РЕВИЗИЈА ЧУЛЕВА Соња Митко Чулева СКОПЈЕ

Скопје, 3 јули, 2019 година


Client focused, solution driven.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА**
**За годината што завршува на 31 декември 2018**
**(Во илјади Денари)**

| | Белешка | Година што завршува на 31 декември 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| ***Тековни средства*** | | | |
| Парични средства и еквиваленти на парични средства | 3 | 24,356 | 7,093 |
| Побарувања од купувачи | 2,7; 4 | 77,914 | 61,511 |
| Побарување од државни органи | 5 | 164,275 | 164,275 |
| Други побарувања и АВР | 6 | 111,595 | 119,574 |
| Залихи | 2.4; 7 | 128,192 | 150,818 |
| | | **506,332** | **503,271** |
| ***Долгорочни средства*** | | | |
| Нематеријални и материјални средства-нето | 2.6; 8 | 723,101 | 752,495 |
| Биолошки средства-шуми | 2.14;9 | 58,430,259 | 58,301,031 |
| Биолошки средства-добиток | 2.14; 10 | 7,178 | 4,369 |
| Долгорочни финансиски средства | 2.16; 11 | 26,309 | 26,309 |
| Долгорочни побарувања | | 1,081 | 1,081 |
| | | **59,187,928** | **59,085,285** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **59,694,260** | **59,588,556** |
| **ОБВРСКИ** | | | |
| ***Тековни обврски*** | | | |
| Обврски кон добавувачи | 2.10; 12 | 219,257 | 227,543 |
| Тековна обврска за проширена репродукција на шумите | 2.3.2;13 | 286,564 | 249,901 |
| Останати тековни обврски и ПВР | 14 | 193,758 | 222,092 |
| Краткорочни кредити | 15 | 63,121 | 2,335 |
| Краткорочен дел на долгорочни кредити | 16 | 11,332 | - |
| | | **774,032** | **701,871** |
| **Долгорочни обврски и резервации** | | | |
| Долгорочни кредити | 16 | 23,112 | - |
| Долгорочно резервирање за проста репродукција на шумите | 2.3.1;17 | 151,061 | 148,706 |
| Останати долгорочни обврски за депозити и кауции | 18 | 5,945 | 11,070 |
| | | **180,118** | **159,776** |
| **СОПСТВЕНИЧКА ГЛАВНИНА** | | | |
| Основна главнина | 18 | 5,940,384 | 5,940,384 |
| Ревалоризациона резерва | 18 | 53,250,985 | 53,245,316 |
| Законска резерва | 18 | - | - |
| Акумулирана (загуба) | 18 | (451,259) | (458,791) |
| **Вкупна сопственичка главнина** | | **58,740,110** | **58,726,909** |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ И СОПСТВЕНИЧКА ГЛАВНИНА** | | **59,694,260** | **59,588,556** |

*Белешките кон финансиските извештаи претставуваат составен дел на овие финансиски извештаи*

Одобрено од Управниот одбор на 15 март, 2019 година.

Генерален директор, **Зоран Ѓорѓиев** Овластен сметководител, **Милка Лазаревска**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА**
**На 31 декември 2018**
**(Во илјади Денари)**

| | Белешка | 31 декември 2018 | 31 декември 2017 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 2.2; 19 | 1,350,763 | 1,341,264 |
| Останати приходи | 20 | 326,552 | 371,038 |
| **Вкупно оперативни приходи** | | **1,677,315** | **1,712,302** |
| **Промени на залихи на готови производи и производство во тек** | | **(18,966)** | **(52,878)** |
| ***Трошоци*** | | | |
| Набавна вредност на продадена трговска стока | | (1,268) | (187) |
| Потрошени материјали, енергија, резервни делови и отписи | 21 | (115,240) | (118,280) |
| Депрецијација и амортизација | 2.6; 8 | (48,284) | (48,305) |
| Трошоци за вработените | 2.8; 22 | (880,635) | (786,208) |
| Трошоци за услуги | 23 | (349,727) | (344,901) |
| Останати оперативни трошоци | 24 | (231,210) | (231,766) |
| **Вкупно оперативни трошоци** | | **(1,625,096)** | **(1,529,460)** |
| **Финансиски приходи/(трошоци),нето** | 2.3; 25 | **(13,720)** | **(54,042)** |
| **Добивка/(загуба) пред оданочување** | | **18,265** | **75,735** |
| Данок на добивка | 2.5; 26 | (2,191) | (7,798) |
| **Нето добивка / (загуба) за годината** | | **16,074** | **67,937** |
| Останата сеопфатна добивка | | - | - |
| **Вкупна сеопфатна добивка** | | **16,074** | **67,937** |

*Белешките кон финансиските извештаи претставуваат составен дел на овие финансиски извештаи*

Одобрено од Управниот одбор на 15 март, 2019 година.

Генерален директор,
**Зоран Ѓорѓиев**

Овластен сметководител,
**Милка Лазаревска**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ГЛАВНИНАТА**
**Година што завршува на 31 декември 2018**
**(Во илјади Денари)**

| | Основна главнина | Ревалоризациона резерва | Законска резерва | Акумулирана (загуба) | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба, 1 јануари 2018** | **5,940,384** | **53,245,316** | - | **(458,791)** | **58,726,909** |
| Ефект од ревалоризација на градежни објекти (Белешка 8) | - | 5,669 | - | - | **5,669** |
| Корекција на грешка (Белешка 2.17.3) | - | - | - | (8,542) | **(8,542)** |
| Добивка за тековната година | - | - | - | 16,074 | **16,074** |
| Останата сеопфатна добивка/(загуба) | - | - | - | - | - |
| **Состојба, 31 декември 2018** | **5,940,384** | **53,250,985** | - | **(451,259)** | **58,740,110** |
| | | | | | |
| **Состојба, 1 јануари 2017** | **5,940,384** | **53,245,316** | **295,351** | **(819,536)** | **58,661,515** |
| Покривање загуба од законски резерви | - | - | (295,351) | 295,351 | - |
| Корекција на грешка (МСС 8) Бел.2.17.2 | - | - | - | (2,543) | **(2,543)** |
| Нето добивка за 2017 година | - | - | - | 67,937 | **67,937** |
| Останата сеопфатна добивка/(загуба) | - | - | - | - | - |
| **Состојба, 31 декември 2017** | **5,940,384** | **53,245,316** | - | **(458,791)** | **58,726,909** |

*Белешките кон финансиските извештаи претставуваат составен дел на овие финансиски извештаи*

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ
**Година што завршува на 31 декември 2018**
**(Во илјади Денари)**

| | Белешки | Година што завршува на 31 декември 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| ***Парични текови од деловни активности*** | | | |
| **Добивка/(загуба) пред оданочување** | | **18,265** | **75,735** |
| ***Усогласување за:*** | | | |
| Депрецијација и амортизација | | 48,284 | 48,305 |
| Намалување / (зголемување) на побарувања од купувачи и други побарувања | | (8,424) | (50,077) |
| Намалување / (зголемување) на залихите | | 22,626 | (65,770) |
| Зголемување / (намалување) на обврски кон добавувачи и други тековни обврски | | (130,290) | (45,963) |
| ***Нето парични средства од деловни активности*** | | **(49,539)** | **(37,770)** |
| ***Парични текови од инвестициони активности*** | | | |
| Набавка на основни средства | | (16,821) | (7,053) |
| Продажба на основни средства | | 19,692 | - |
| ***Нето парични средства користени за инвестициони активности*** | | ***2,871*** | ***(7,053)*** |
| ***Парични текови од финансиски активности*** | | | |
| (Отплата) / прилив на долгорочни побарувања и обврски –нето | | - | - |
| Прилив/(одлив) од краткорочни кредити и позајмици | | 63,121 | - |
| ***Нето парични средства користени за финансиски активности*** | | ***63,121*** | - |
| ***Нето зголемување / (намалување) на парични средства и еквиваленти на парични средства*** | 3 | ***16,453*** | ***(44,823)*** |
| ***Парични средства и еквиваленти на парични средства на почеток на годината*** | 3 | ***7,903*** | ***51,916*** |
| ***Парични средства и еквиваленти на парични средства на крајот на годината*** | 3 | ***24,356*** | ***7,093*** |

*Белешките кон финансиските извештаи претставуваат составен дел на овие финансиски извештаи*

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2018**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ П.О. - СКОПЈЕ (во натамошниот текст: "Претпријатието") е јавно претпријатие за стопанисување со државни шуми, основано со Одлука на Владата на Република Македонија бр.3028/1 од 15 декември 1997 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.65/97.) Претпријатието е регистрирано во Основен суд-Скопје под Трег.бр.666/98 од 24 март 1998 година.

Согласно иницијалната регистрација, единствен основач и сопственик на Претпријатието е Владата на Република Северна Македонија.

Во согласност со одредбите на Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/96 со пратечки измени), Претпријатието е запишано во Централниот регистер на Република Северна Македонија под деловоден број: 5204160.

Основната дејност на Претпријатието: 02.20 - Искористување на шумите.

Своето работење Претпријатието го врши според одредбите на следните закони:

| Закон | Службен весник на Република Македонија |
|---|---|
| Закон за шуми | "Службен весник на Република Македонија" бр. 47/97 со пратечки измени: 7/2000, 89/2004, 54/2007, 103/2008, 53/2011, 25/2013, 79/2013, 43/2014,160/2014,33/2015,44/2015,147/2015, 07/2016 и 39/2016. |
| Закон за ловство | "Службен весник на Република Македонија" бр. 26/09 со пратечки измени |
| Закон за заштита и унапредување на животната средина и природата | Пречистен текст |
| Закон за јавна финансиска контрола | "Службен весник на Република Македонија" бр. 90/09 со пратечки измени |

*(Продолжува)*

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРЕТПРИЈАТИЕТО (Продолжение)

Органи на Претпријатието, согласно член 16 од Законот за јавни претпријатија се Управниот одбор, Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење и Директорот.

***Управен одбор***
Актуелниот состав на Управниот одбор на 31.12.2018 година е утврден во следниот состав:

| Име и презиме | Позиција во УО |
|---|---|
| 1.Милутин Ристески | Претседател |
| 2.Владимир Крстевски | Член |
| 3.Трајанка Самарџиоска | Член |
| 4. Ацо Јаневски | Член |
| 5. Наум Јамовски | Член |
| 6. Авдили Армен | Член |
| 7.Невзади Фарук | Член |
| 8.Алеков Горан | Член |
| 9.Абдурамани Илир | Член |
| 10.Сами Синани | Член |
| 11.Марјана Филиповска | Член |
| 12.Ајдари Мегди | Член |
| 13.Младеновска Розе | Член |

***Надзорен одбор за контрола на материјално-финанискoто работење***
На 31.12.2018 година:

| Име и презиме | Позиција во НО |
|---|---|
| 1. Асани Рукије | Претседател |
| 2. Ѓорѓиевски Серафим | Член |
| 3. Младеновска Елпида | Член |
| 4. Палоши Фисник | Член |
| 5. Ванчев Борис | Член |

***Генерален директор***
Генерален директор на Претпријатието е Зоран Ѓорѓиев.

*(Продолжува)*

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРЕТПРИЈАТИЕТО (Продолжение)

Претпријатието своите активности ги обавува преку следните сектори и служби:

| Сектор |
|---|
| Сектор за правни, општи работи и човечки ресурси |
| Сектор за шумарство |
| Сектор за шумско земјиште, шумска инфраструктура и механизација |
| Сектор за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола |
| Сектор за уредување на шуми, ловишта и проектирање |
| Сектор за одгледување, подигање, екологија и лов |
| Сектор за план и анализа, инвестиции и развој, ин форматички и комуникациски технологии |
| Сектор за економско-финансиско работење |
| Сектор за комерцијални работи |

*(Продолжува)*

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2018**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРЕТПРИЈАТИЕТО (Продолжение)

Во состав на Претпријатието има 30 подружници:

| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | НАЗИВ НА Работно место | ПШС |
|---|---|---|
| **ЉУБИНКА ПОПОВА** | Раководител – Директор на подружница | ПШС Бабуна Велес |
| **ЉУПЧО МИТРЕВ** | Раководител – Директор на подружница | ПШС Беласица - Струмица |
| **НИКОЛА СИМОНОВСКИ** | Раководител – Директор на подружница | ПШС Бигла - Демир Хисар |
| **БЛАЖЕ БОШЕВСКИ** | Раководител – Директор на подружница | ПШС Бор Кавадарци |
| **НАДА МИТРЕСКА** | Раководител – Директор на подружница | ПШС Галичица - Охрид |
| **ЉУПЧО ПЕТРОВСКИ** | Раководител – Директор на подружница | ПШС Голак Делчево |
| **ВАСИЛ РАДИНОСКИ** | Раководител – Директор на подружница | ПШС Јабланица - Струга |
| **ДРАГАН ПОПОВ** | Раководител – Директор на подружница | ПШС Кожув Гевгелија |
| **ЉУАН БАЈРАМИ** | Раководител – Директор на подружница | ПШС Куманово - Куманово |
| **ПАНЕ СИМИЌ** | Раководител – Директор на подружница | ПШС Лешница - Тетово |
| **СПАСЕ СТОЈЧЕСКИ** | Раководител – Директор на подружница | ПШС Липа Крушево |
| **ЗОРАН КРСТЕСКИ** | Раководител – Директор на подружница | ПШС Лопушник - Кичево |
| **ВЛАДО КЛИНЧАРСКИ** | Раководител – Директор на подружница | ПШС Малешево Берово |
| **БЛАГОЈЧО ДИВАНИСОВ** | Раководител – Директор на подружница | ПШС Осогово - Кочани |
| **ЗВОНКО ГРУЕВСКИ** | Раководител – Директор на подружница | ПШС Осогово - Крива Паланка |
| **ДИМЧЕ АНАСТАСОВ** | Раководител – Директор на подружница | ПШС Плачковица - Радовиш |
| **БОЈАН ПЕТКОВ** | Раководител – Директор на подружница | ПШС Плачковица Виница |
| **ГЛИГОР ПЕШНАЧКИ** | Раководител – Директор на подружница | ПШС Равна Река Пехчево |
| **ТИХОМИР ШУНТОВ** | Раководител – Директор на подружница | ПШС Саланџак Валандово |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2018**

| | | |
|---|---|---|
| **СЛОБОДАН ВЕЉАНОСКИ** | Раководител – Директор на подружница | ПШС Сандански - М.Брод |
| **БЛАГОЈ АНЧЕВ** | Раководител – Директор на подружница | ПШС Серта - Штип |
| **РАМИ ЛАТА** | Раководител – Директор на подружница | ПШС Стогово Дебар |
| **ВЕЛЕСКИ ВЛАТКО** | Раководител – Директор на подружница | ПШС Црн бор - Прилеп |
| **МИЛОРАД АНДРИЈЕСКИ** | Раководител – Директор на подружница | ПШС Шар Гостивар |
| **БЛАГОЈ ИЛИЕВ** | Раководител – Директор на подружница | ПШС Шумарство - Св.Николе |
| **Ѓерг Аљбани** | Раководител – Директор на подружница | ПШС Караџица - Скопје |
| **Влатко Постолов** | Раководител – Директор на подружница | ПШС Кратово - Кратово |
| **Пемов Блаже** | Раководител – Директор на подружница | ПШС "Демир Капија" - Демир Капија |
| **Никола Станковски** | Раководител – Директор на подружница | ПШС Преспадрво - Ресен |
| **Виолета Нечкова** | Раководител – Директор на подружница | ПШС Кајмакчалан Битола |

На 31.12.2018 година, во Претпријатието се вработени 2,250 лица (2017: 2,220 вработени.)

## 2. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### 2.1 Основи за подготовка и презентација на финансиските извештаи

Претпријатието ја води својата сметководствена евиденција и ги подготвува своите финансиски извештаи во согласност со измените на Законот за јавни претпријатија објавени во ("Службен весник на Република Македонија" бр. 83/2009, 38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015 и 39/2016); одредбите на Законот за трговски друштва ("Службен весник на Република Македонија" бр.28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 177/2008, 17/2009, 42/2010, 48/2010, 169/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 06/2016 и 61/2016) и Правилникот за водење сметководство ("Службен весник на Република Македонија" бр.159/2009.) Според овој Правилник, сметководствените стандарди што се применуваат во Република Северна Македонија се Меѓународните сметководствени стандарди (МСС) и Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) од 2009 година, утврдени од Одборот за Меѓународни сметководствени стандарди (ИАСБ.)

Финансиските извештаи на Претпријатието се искажани во илјади македонски Денари. Денарот претставува официјална валута на известување во Република Северна Македонија.

### 2.2 Политика за евидентирање на приходите

Претпријатието ги евидентира приходите со примена на принципот на фактичност на настаните,односно ги книжи во моментот на нивното настанување.
Претпријатието во согласност со Законот може да остварува приходи од:

- Производство и продажба на шумски сортименти;
- Собирање, производство и продажба на шумски плодови, печурки и лековити растенија (недрвни шумски производи), полжави и желки;
- Експлоатација на камен, песок, чакал, хумус и др.
- друго предвидено со закон.

*(Продолжува)*

## 2. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжение)

### 2.3 Репродукција на шумите и третман на конфискувана дрвна маса

*2.3.1.Проста репродукција*

Во согласност со член 94 од Законот за шуми, Претпријатието има обврска да обезбеди:
-одгледување и заштита на постојните шуми;
-изградба на шумски патишта;
-техничко опремување поради вршење на работи за заштита на шумите; и
-изработка на планови за стопанисување.

Средства за проста репродукција на шуми во државна сопственост се обезбедуваат со издвојување 10% од вредноста на исеченото дрво, франко камионски пат во шуми.
Овие средства се водат на посебна сметка.

При тоа, средствата за проектирање и изградба на шумски патишта; техничко опремување заради вршење на работи за заштита на шумите и за изработка на планови за стопанисување на шумите, можат да изнесуваат до 40% од висината на средствата издвоени за проста репродукција.

*2.3.2.Проширена репродукција*

Проширената репродукција, во согласност со член 95 од Законот за шуми опфаќа:
-подигнување на нови шуми со пошумување на голини и ерозивни земјишта;
-мелиорација на деградирани шуми и шикари;
-нега на шумски култури;
-превентивна заштита на шумите и шумските култури;
-сузбивање на болести;
-обезбедување на семе и шумски саден материјал;
-изградба на инфраструктурни објекти; и
-техничко опремување за спроведување на проширената репродукција на шумите.
За проширена репродукција се издвојува 3% од вредноста на исеченото дрво франко камионски пат. Овие средства се уплатуваат на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија, а согласно член 96 од Законот за шуми, се користат за проширена репродукција согласно Годишниот програм на Владата на Република Северна Македонија, а особено за:
-пошумување на голини и ерозивни земјишта;
-мелиорација на деградирани шуми и шикари;
-нега на шумски култури и пренаменети пошумени површини;
-превентивна заштита на шуми и шумски култури;
-останати активности предвидени од страна на Националниот комитет (член 40-в од Законот);
-обезбедување на шумско семе и саден материјал;
-други активности.

*2.3.3.Конфискувана дрвна маса*

Во согласност со член 87-а од Законот зашуми, 30% од вредноста на одземеното (конфискувано) дрво се преотстапува на државни органи, дирекции и јавни и други Државни установи, согласно Одлука на Владата на Република Северна Македонија. Од останатите 70% од вредноста на продадената дрвна маса, Претпријатието е должно да уплати 20% во Буџетот на Република Северна Македонија, додека остатокот Претпријатието може да го користи за сопствени потреби.

*(Продолжува)*

## 2. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжение)

### 2.4 Трансакции во странска валута

Трансакциите настанати во странска валута се искажуваат во Денари со примена на официјалните курсеви на Народна Банка на Република Северна Македонија кои важат на денот на трансакцијата.

Средствата и обврските деноминирани во странска валута се изкажуваат со примена на официјални курсеви кои важат на денот на составувањето на Билансот на состојба.

### 2.5 Залихи

Залихите на Претпријатието се состојат од суровини, потрошни материјали, готови производи и трговска стока. Залихите се водат според пониската од цената на чинење или нето реализационата вредност. Цената на чинење се одредува врз основа на набавната вредност на суровините и потрошните материјали зголемени за царините и транспортните трошоци.

### 2.6 Данок на добивка

***Тековен данок на добивка***
Данокот на добивка се пресметува согласно со одредбите на релевантните законски прописи во Република Северна Македонија, а врз основ на добивката прикажана во Билансот на успех, корегирана за износот приходите што се признаваат и расходите што не се признаваат за даночни цели. Плаќањето на месечниот данок се врши аконтативно. На вака добиената даночна основа се пресметува краен данок по стапка од 10%.

***Одложен данок на добивка***
Одложен данок на добивка се утврдува со примена на методот на обврски во билансот на состојба за сите времени разлики кои се јавуваат помеѓу даночната основа на средствата и обврските и нивната сметководствена вредност во финансиските извештаи. Стапката на данок на добивка на денот на билансот на состојба се употребува за утврдување на одложените даночни средства и обврски. Одложените даночни обврски се признаваат за сите оданочиви времени разлики. Одложени даночни средства се признаваат за одбитните времени разлики и ефектите од даночните загуби се пренесуваат во обем во којшто постои веројатност дека ќе се оствари оданочива добивка со цел да се овозможи одбитните времени разлики и пренесените даночни загуби да бидат искористени.

*(Продолжува)*

## 2. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжение)

### 2.7 Недвижности, постројки и опрема (нематеријални средства)

Недвижностите, постројките и опремата на Претпријатието иницијално се евидентираат по набавна вредност, што потоа се намалува за износот на акумулираната депрецијација и одредени оштетувања доколку се утврдени.

Депрецијацијата се пресметува врз основа на проценетиот век на употреба на средствата.

На средствата кои немаат сегашна вредност, а сѐуште се во употреба,не им се пресметува депрецијација.

На средствата книжени на сметката на инвестиции во тек, до моментот на нивно ставање во употреба, не им се пресметува депрецијација.

Во продолжение се дадени годишни стапки на депрецијација, применети на некои позначајни ставки на недвижности,постројки и опрема на Претпријатието:

| Опис | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| Градежни објекти –високоградба | 2,5% | 2,5% |
| Опрема за водовод и комунални услуги | 5% | 5% |
| Канцелариски мебел и опрема | 20% | 20% |
| Компјутери, патнички возила и телекомуникациска опрема | 25% | 25% |
| Останата опрема | 10% | 10% |

Приходите или трошоците остварени со отуѓувањата се евидентираат како останати приходи од оперативно работење или оперативни трошоци,соодветно.

*(Продолжува)*

## 2. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжение)

### 2.8 Побарувања од купувачи

Побарувањата од купувачите се прикажани според нивната номинална вредност.

### 2.9 Испратнини за пензионирање,пензиски планови и технолошки вишок

Претпријатието учествува во пензискиот фонд со уплатување на определени придонеси утврдени со домашната легислатива. Придонесите, кои зависат од висината на платите,се уплатуваат во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија. Не постојат дополнителни обврски во однос на финансиските планови.

Претпријатието исто така исплаќа двократен износ од просечно исплатена нето плата во Република Северна Македонија како отпремнина во случај на заминување во старосна пензија. Претпријатието нема резервирано средства за ваквите отпремнини,бидејќи смета дека истите нема да имаат значаен ефект врз финансиските извештаи.

### 2.10 Сметководствен принцип на континуитет

Финансиските извештаи на Претпријатието се подготвени врз основа на принципот на континуитет на 31 декември 2018 година и овој принцип продолжува да постои како претпоставка и после издавањето на финансиските извештаи.

### 2.11 Обврски кон добавувачи

Обврските кон добавувачите се прикажани по нивната номинална вредност.Неизмирените обврски кон добавувачите се отпишуваат по основ на застареност врз основа на одлука донесена од раководството. Износите на отпишаните обврски се признаваат како останати приходи во билансот на успех.

### 2.12 Принцип на транспарентност

Во согласност со Законот за јавните претпријатија, Претпријатието својата дејност ја врши според принципот на транспарентност.

### 2.13 Поврзани субјекти

Поврзани субјекти се сметаат дека се оние кои имаат значајна улога во донесување на финансиските и оперативните одлуки на Претпријатието. Мнозинскиот, односно единствен сопственик на Претпријатието е Владата на Република Северна Македонија, која има значајно влијание врз Претпријатието, а со тоа и моќ да го контролира работењето на Претпријатието во целина.

*(Продолжува)*

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2018**

## 2. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжение)

### 2.14 Биолошки средства

Биолошките средства на Претпријатието се состојат од шуми и жив добиток. Сметководството на биолошките средства е уредено со МСС 41-Земјоделство. Биолошките средства на Претпријатието се водат според објективна вредност а се добиени од државата како безусловна државна поддршка. Сé додека шумата (или живиот добиток) расте, претставува биолошко средство. Во моментот на сеча, тоа веќе не е биолошко средство, туку производ кој понатаму се евидентира како залиха.

***Почетно признавање на биолошките средства (41.10)***
Биолошките средства можат да бидат признаени единствено доколку:
a) Ентитетот ги контролира средствата како резултат на минати настани;
b) Постои веројатност дека идни економски користи поврзани со средствата ќе претставуваат прилив во Ентитетот;
c) Објективната или набавната вредност на средството можат веродостојно да се измерат.

Приходот од почетното признавање на биолошките средства според објективната вредност намален за трошоците на продажба треба да биде вклучен во Билансот на успех во периодот кога настанале (41.28).

***Утврдување на објективната вредност***
При утврдување на објективната вредност се користат податоци од релевантни активни пазари. Доколку не постои активен пазар се користи едно или повеќе од следните, кога се расположиви, за утврдување на објективната вредност (41.18, 41.20):
- Последна цена на пазарна трансакција, под услов да не постоела значајна промена на економските околности помеѓу датумот на трансакцијата и крајот на периодот за известување
- Пазарни цени за слични средства со корекции кои би ги одразувале разликите
- Секторски стандардни мерила како што е вредност изразена преку извозна единица, количина или хектари
- Сегашна вредност на очекувани нето парични текови од средството, дисконтирано според тековна дисконтна стапка.

***Мерење на биолошките средства***
Биолошките средства се мерат при почетното признавање и на секој датум на известување според нивната објективна вредност намалена за проценетите трошоци за продажба, освен доколку вредноста не може веродостојно да се утврди (41.12.)

***Добивки и загуби (41.26)***
Добивка или загуба што произлегува при почетното признавање на биолошкото средство според објективна вредност намалена за проценети трошоци во моментот на продажба и од промената во објективната вредност намалена за проценетите трошоци во моментот на продажба на биолошкото средство, треба да се вклучи во добивката или загубата за периодот во кој настанала.

***Државни поддршки (41.34)***
Безусловна државна поддршка која се однесува на биолошко средство мерено според неговата објективна вредност намалена за проценетите трошоци во моментот на продажба, треба да се признае како приход, кога и само кога државната поддршка станува побарување.

*(Продолжува)*

## 2. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжение)

### 2.15 Јавни набавки

Претпријатието ги извршува набавките чија вредност е поголема од ЕУР 500 во денарска противвредност во согласност со Законот за јавни набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр.136/2007 година) и измените и дополнувањата на Законот објавени во "Службен весник на Република Македонија," како и следните прописи и акти донесени врз основа на одредбите на Законот:

| Ред. број | Назив на прописот | Објавен/Извор |
|---|---|---|
| 1. | Методологија за изразување критериуми за доделување на договори за јавни набавки во бодови | Министерство за финансии на Република Македонија |
| 2. | Правилник за форма и содржина на огласите и известувањето при доделување на договори за јавни набавки | "Службен весник на Република Македонија" бр.154/07 |
| 3. | Правилник за постапка на отварање на понуди и образец за водење записник за отварање на понуди | "Службен весник на Република Македонија" бр.154/07 |
| 4. | Правилник за формата и содржината на образецот од извештајот за спроведување на постапката за јавна набавка | "Службен весник на Република Македонија" бр.154/07 |
| 5. | Уредба за видовите и активностите на градење кои се предмет на договори за јавни набавки | "Службен весник на Република Македонија" бр.158/07 |
| 6. | Уредба за услугите кои се предмет на договорите за јавни набавки на услуги | "Службен весник на Република Македонија" бр.157/07 |
| 7. | Упатство за пополнување на Извештајот за спроведена постапка | Министерство за финансии на Република Македонија |
| 8. | Одлука за утврдување на индикативен список на договорни органи | Влада на Република Македонија |
| 9. | Правилник за содржина на тендерска документација | "Службен весник на Република Македонија" бр.19/08 |
| 10. | Правилник за формата и содржината на огласите и известувањата при доделување на договорите за јавните набавки | бр.23-48781/1 од 19.12.2007, а во примена од 01.01.2008 |
| 11. | Правилник за формата и содржината на извештајот од спроведената постапка | "Службен весник на Република Македонија" бр.2/08 |
| 12. | Правилник за формата и содржината на огласот, известувањето за поништување на постапката и образецот за евиденција на постапките со барањата за прибирање на понуди | бр.23-48778/1 од 19.12.2007 со примена од 01.01.2008 година |
| 13. | Правилник за начин на користење на електронски систем за јавни набавки | Министерство за финансии на Република Македонија |
| 14. | Правилник за формата и содржината на годишниот план за јавни набавки | Министерство за финансии на Република Македонија со примена од 01.01.2008 |
| 15. | Правилник за начинот на проценување на вредноста на договорите за јавни набавки | Министерство за финансии на Република Македонија со примена од 01.01.2008 |
| 16. | Останати релевантни измени и дополни на Законот | 2008-2018 |

*(Продолжува)*

## 2. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжение)

### 2.16 Долгорочни финансиски вложувања

Долгорочните финансиски вложувања се состојат од учество во капиталот во поврзани и останати правни лица, хартии од вредност наменети за тргување или расположиви за продажба.

***Учество во капиталот на поврзани и останати правни лица***
Учеството во капиталот во поврзани и други правни лица почетно се признаваат по набавна вредност, а на крајот на периодот за известување се искажуваат по фер вредност, при што разликата се ефектуира во Извештајот за сéопфатна добивка.

***Хартии од вредност наменети за тргување***
Хартиите од вредност наменети за тргување се вреднуваат по фер вредност.Фер вредноста се дефинира како износ по кој едно средство може да се размени или да се затвори обврска меѓу две странки кои имаат волја да ја обават трансакцијата на взаемно корисен и пријателски начин. Добивките или загубите што при тоа се јавуваат, се вклучуваат во нето добивките или загубите на периодот.

***Хартии од вредност расположиви за продажба***
Хартиите од вредност расположиви за продажба се вреднуваат по фер пазарна вредност. Сите реализирани загуби или добивки во однос на фер вредноста се евидентираат преку ревалоризациона резерва, а во моментот на фактичка продажба како трошок на периодот.

### 2.17 Корекција на грешка (МСС 8)

***2.17.1. (а) Корекција спроведена во 2016 година***
Во согласност со МСС 8, во Претпријатието во 2016 година е направена корекција на товар на акумулираната загуба во вкупен износ од Ден 309,248 илјади.
Корекцијата се однесува на:

| Основ за корекција | Во илјади Денари |
|---|---|
| -Отпис согласно Записник од УЈП бр.24-19/07150-70134 од 14.10.2016 година | 292,464 |
| -Отпис на вложувања во средства расположиви за продажба во ентитети во кои е спроведена ликвидација | 7,180 |
| -Отпис на обврски од минати години: | |
| а)ШС Липа-Крушево | 1,141 |
| б)ШС Јабланица -Струга | 4,264 |
| в)ШС Стоговор -Дебар | 4,129 |
| г) Останато | 70 |
| **ВКУПНО** | **309,248** |

*(Продолжува)*

## 2. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжение)

### 2.17 Корекција на грешка (МСС 8) (Продолжение)

***2.17.2. (б) Корекција спроведена во 2017 година***

Во согласност со МСС 8, во Претпријатието во 2017 година е направена корекција на товар на акумулираната загуба во вкупен износ од Ден 2,543 илјади.
Корекцијата се однесува на отпис на побарување по основ на кусок од минати години, потврдено со Елаборатот за попис за 2017 година.

***2.17.3. (в) Корекција спроведена во 2018 година***

Во согласност со МСС 8, во Претпријатието во 2018 година е направена корекција на товар на акумулираната загуба во вкупен износ од Ден 8,542 илјади, што се однесува на отпис на побарувања потврдено со Одлука на пописна комисија за 2018 година.

## 3. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ЕКВИВАЛЕНТИ НА ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2018 | 31 декември 2017 |
| Денарски жиро сметки | 22,606 | 6,440 |
| Парични средства во благајна – Денари | 1,326 | 624 |
| Девизни сметки | 412 | 7 |
| Девизна благајна | 12 | 22 |
| | 24,356 | 7,093 |

## 4. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2018 | 31 декември 2017 |
| Побарувања од интерни односи (подружници) | - | - |
| Побарувања од купувачи во земјата | 61,798 | 49,979 |
| Побарувања од купувачи во странство | - | - |
| Утужени спорни побарувања | 3,449 | 7,948 |
| Вредносно усогласување на побарувањата | - | - |
| Побарувања за дадени аванси | 12,667 | 3,584 |
| | 77,914 | 61,511 |

Во 2018 и 2017 година побарувањата во интерни односи се целосно пребиени со обврски во интерни односи (Белешка 12.)

За утужените спорни побарувања во износ од Ден 3,449 илјади (2017: Ден 7,948 илјади) целосно вредносно усогласување не е извршено, иако се работи за побарувања што во најголем дел се постари од 3 и повеќе години.

## 5. ПОБАРУВАЊА ОД ДРЖАВНИ ОРГАНИ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2018 | 31 декември 2017 |
| Побарувања од државни органи | 164,275 | 164,275 |
| | **164,275** | **164,275** |

Побарувањето од државни органи се однесува на (евиденционо) побарување за направени издатоци во врска со настанот-Ден на дрвото, на кој секоја година Претпријатието учествувало со садници и други материјали и останати трошоци, и за кое се доставувало фактури до ресорното Министерство. Меѓутоа, побарувањата се кумулирале од година во година, а наплата не се остварувала, од причина што не постоела обврска на страната на Министерството.

Настанот Ден на дрвото е укинат со заклучок на Владата на Република Македонија и истата престанува да се реализира од 2017 година. Според податоците произлегува:

| | Во илјади Денари |
|---|---|
| Трошоци за пошумување на Претпријатието генерирани за настанот Ден на дрвото за период од 2008 година до 2016 година | 498,572 |
| Уплати добивани од Буџет на Република Македонија за покритие на настанот Ден на дрвото за период 2008 година до 2010 година | (327,402) |
| **Непокриена разлика (Белешка 13)** | **171,170** |

Износот на разликата од Ден 171,170 илјади, се однесува на трошоци за садници за период од 2010 до 2016 гоина, дадени бесплатно на разни институции по препорака на Владата на Република Македонија. Исто така, за годините кога во Програмите за проширена репродукција не било предвидено пошумување, во пресметката се земени цени/хектар апликативни за претходната година кога било предвидено пошумување.
За можноста овие побарувања да бидат пребиени со обврската за проширена репродукција е потребно добивање согласност од надлежното Министерство.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2018**

## 6. ДРУГИ ПОБАРУВАЊА

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2018 | 31 декември 2017 |
| Побарувања од вработени | 47,986 | 48,122 |
| Краткорочни депозити и кауции | 273 | 175 |
| Останати побарувања | 6 | - |
| Побарување од вработени | - | - |
| АВР | 63,330 | 71,277 |
| | **111,595** | **119,574** |

## 7. ЗАЛИХИ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2018 | 31 декември 2017 |
| Суровини и материјали во магацин | 16,605 | 20,074 |
| Резервни делови | 17,024 | 16,807 |
| Ситен инвентар во магацин | 9,461 | 9,261 |
| Ситен инвентар во употреба | 53,137 | 51,994 |
| Автогуми на залиха и во употреба | 13,565 | 13,868 |
| Исправка вредност на ситен инвентар и автогуми | (66,072) | (64,326) |
| Производство во тек | 61,925 | 75,178 |
| Залиха на готови производи | 20,153 | 24,815 |
| Залиха на готови производи во туѓ склад | 151 | 151 |
| Залиха на трговска стока во магацин и во продавница | 2,242 | 2,996 |
| | **128,192** | **150,818** |

Во Претпријатието не е воспоставена врска помеѓу биолошките средства-шумите, како извор на граѓа, и производството, во кое дрвната маса се преработува и финишира во готов производ. Напротив, кај шумите не се евидентира никакво намалување како резултат на сеча, а влезот во производство во тек се евидентира по плански цени, кои во себе не ја содржат вредноста на дрвната маса од сеча. Поради наведеното, вредноста на биолошките средства-шуми перманентно се зголемува, а залихите на производство во тек и готови производи се евидентираат по нереално искажани вредности.

## 8. НЕМАТЕРИЈАЛНИ И МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (Во илјади Денари)

| | Нематери-јални средства | Земјиште | Градежни објекти | Постројки, опрема, канц. мебел, возила | Инвести-ции во тек | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | | |
| **Состојба, 1 јануари 2018** | **55,325** | **164,553** | **1,191,665** | **645,722** | **37,901** | **2,095,166** |
| Набавки | 59 | - | 1,355 | 9,739 | 7,944 | 19,097 |
| Ефект од проценка | - | - | 5,669 | - | - | 5,669 |
| Продажба / отпис | (1,690) | - | (4,024) | (15,668) | - | (21,382) |
| Трансфер | - | - | - | 2,082 | (2,082) | - |
| **Состојба, 31 декември 2018** | 53,694 | 164,553 | 1,194,665 | 641,875 | 43,763 | 2,098,550 |
| **Акумулирана депрецијација** | | | | | | |
| **Состојба, 1 јануари 2018** | **(38,046)** | - | **(798,385)** | **(506,240)** | - | **(1,342,671)** |
| Трошок за годината | (4,776) | - | (25,646) | (17,862) | - | (48,284) |
| Продажба / отпис | 1,690 | - | 4,024 | 9,791 | - | 15,505 |
| **Состојба, 31 декември 2018** | (41,132) | - | (820,007) | (514,310) | - | (1,375,449) |
| **Сметководствена вредност на 31 декември 2018** | 12,562 | 164,553 | 374,658 | 127,565 | 43,763 | 723,101 |
| **Сметководствена вредност на 31 декември 2017** | 17,279 | 164,553 | 393,280 | 139,482 | 37,901 | 752,495 |

Во 2018 година е направена проценка на три градежни објекти на Подружница Кавадарци поради намера за нивни продавање. Објектите не се продадени заклучно со 15 јуни, 2019 година. Ефектот од проценката, во износ од Ден 5,669 илјади е однесен во ревалоризациоина резерва, што е во спротивност на МСС 16-Недвижности, постројки и опрема кој бара, во случај на промена на сметководствена политика, промената да се аплицира на сите градежни објекти, без исклучок.

## 9. БИОЛОШКИ СРЕДСТВА-ШУМИ (Во илјади Денари)

| | Иглолисни шуми | Листопадни шуми | Мешовити шуми | Други шуми | Овошни насади | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Промени во објективната вредност Состојба, 1 јануари 2018** | **9,726,061** | **15,704,960** | **18,631,122** | **13,747,848** | **491,040** | **58,301,031** |
| Добивки/(загуби) од промени во објективна вредност намалени за трошоци на продажба | 29,492 | 14,471 | 56,445 | 28,820 | - | **129,228** |
| Зголемување како резултат на набавки | - | - | - | - | - | - |
| Намалување поради продажба | - | - | - | - | - | - |
| Рекласификација во с/ва што се држат за продажба (МСФИ 5) | - | - | - | - | - | - |
| Намалување поради сечење на шумите (берба) и трансфер во залихи | - | - | - | - | - | - |
| Други зголемувања/ намалувања | - | - | - | - | - | - |
| **На 31 декември 2018** | **9,755,553** | **15,719131** | **18,687,567** | **13,776,668** | **491,040** | **58,430,259** |
| **Промени во објективната вредност На 31 декември 2017** | **9,726,061** | **15,704,960** | **18,631,122** | **13,747,848** | **491,040** | **58,301,031** |

Золемувањето од Ден 129,228 илјади во 2018 година е извршено во повеќе подрачни единици а ефектот од зголемување на објективната вредност е евидентиран во Билансот за сеопфатна добивка.

*(Продолжува)*

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2018**

## 9. БИОЛОШКИ СРЕДСТВА-ШУМИ (Продолжение)

### *9.1. Хронологија на зголемувањето/(намалувањето) на вредноста на шумите по извршената проценка*

| Ефект од зголемување /(намалување) на вредноста на шумите | Вредност нашумите во илјади Денари |
|---|---|
| **На** | |
| **31.12.2013 (по проценка)** | **57,778,533** |
| Зголемување на објективната вредност преку зголемување на ревалоризациона резерва | 504,935 |
| **На** | |
| **31.12.2014** | **58,283,468** |
| Зголемување на објективна вредност преку добивка (Белешка 19) | 4,870 |
| **На** | |
| **31.12.2015** | **58,288,338** |
| Зголемување на објективна вредност преку добивка (Белешка 19) | 6,946 |
| Намалување на вредност по други основи (Белешка 23) | (379) |
| **На** | |
| **31.12.2016** | **58,294,905** |
| Зголемување на објективна вредност преку добивка (Белешка 19) | 6,126 |
| **На** | |
| **31.12.2017** | **58,301,031** |
| Зголемување на објективна вредност преку добивка (Белешка 19) | 129,228 |
| **На** | |
| **31.12.2018** | **58,430,259** |

Утврдувањето на објективната вредност на шумите се спроведува во согласност со член 25 од Правилникот за содржина на посебните планови за стопанисување со шуми, посебните планови за одгледување и заштита на шуми и годишните изведбени планови ("Службен весник на Република Македонија" бр. 48/198.) Меѓутоа, овој Правилник, во делот што се однесува на вреднување на шумските насади, не е усогласен со МСС 41.18 – Земјоделство (објавен во склоп на Правилникот за сметководство во "Службен весник на Република Македонија" бр. 159/2009) и Законот за проценување ("Службен весник на Република Македонија" бр.115/2010 со пратечките измени и дополнувања.)
Поради ваква неусогласеност со МСС 41, Владата на Република Македонија на својата седница одржана на 31.10.2017 година, Владата го задолжи ресорното Министерство во соработка со Претпријатиетo, да пристапи кон изготвување на методологија за процена на шумите во услови на непостоење активен пазар за утврдување на нивната објективна вредност.

*(Продолжува)*

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2018**

## 9. БИОЛОШКИ СРЕДСТВА-ШУМИ (Продолжение)

### *9.2. Катастар на шуми и обврска за попис*

Заради евиденција на шумите и шумското земјиште, во органот надлежен за работи во областа на шумарството , согласно член 77.1 од Законот за шуми треба да востанови и води катастар на шуми и шумско земјиште.Заклучно со 31.12.2018 година, Катастар на шуми и шумско земјиште на ниво на Република Северна Македонија не е востановен, па оттаму, Претпријатието не е во можност да ја изврши својата обврска за годишен попис на шумите, која произлегува од член 77.2 од Законот за шуми.

### *9.3. Шумите vis a vis производство во тек и залиха на готови производи*

Не е воспоставена поврзаност помеѓу биолошките средства-шумите, како извор на граѓа, и производството, во кое дрвната маса се преработува и финишира во готов производ. Напротив, кај шумите не се евидентира никакво намалување како резултат на сеча, а влезот во производство во тек се евидентира по плански цени, кои во себе не ја содржат вредноста на дрвната маса од сеча. Поради наведеното, вредноста на биолошките средства-шуми перманентно се зголемува без да се евидентира трансфер во залихи.

## 10. БИОЛОШКИ СРЕДСТВА-ДОБИТОК (Во илјади Денари)

| | Крупен добиток | Друго основно стадо | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| **Објективна вредност Состојба, 1 јануари 2017** | **300** | **4,069** | **4,369** |
| Добивка/(загуба) од промена во објективна вредност | - | - | - |
| Нови набавки | - | 3,109 | **3,109** |
| Намалување поради продажба / отпис | (300) | - | **(300)** |
| Рекласификација во с/ва што се држат за продажба МСФИ 5. | - | - | - |
| Намалување поради колење и трансфер во залихи | - | - | - |
| **Објективна вредност, 31 декември 2018** | - | 7,178 | 7,178 |
| **Објективна вредност, 31 декември 2017** | 300 | 3,829 | 4,369 |

## 11. ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2018 | 31 декември 2017 |
| Вложувања во средства расположиви за продажба | 5,439 | 26,309 |
| Вложувања во придружни друштва | 20,870 | 20,870 |
| | **26,309** | **26,309** |

Вложувањата во средства расположиви за продажба, според состојбата од Централниот Депозитар за хартии од вредност на Република Северна Македонија, ја потврдува сопственоста / вредноста на следните хартии од вредност (акции):

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2018 | 31 декември 2017 |
| Уни Банка АД-Скопје | 4,500 | 4,500 |
| Комерцијална банка АД-Скопје | 320 | 320 |
| Пелагонија Транс | 28 | 28 |
| Стопанска Банка АД-Битола | 591 | 591 |
| | **5,439** | **5,439** |

Остатокот од Ден 20,870 илјади се однесува на вложувања во удели во друштва за чија вредност Претпријатието е во постапка на тековно усогласување во своите книги.

## 12. ОБВРСКИ КОН ДОБАВУВАЧИ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2018 | 31 декември 2017 |
| Обврски од интерни односи (подружници) | - | - |
| Обврски кон добавувачи во земјата | 177,519 | 172,016 |
| Обврски кон добавувачи во странство | - | 15,169 |
| Примени аванси – од земјата | 41,738 | 40,358 |
| Примени депозити | - | - |
| | 219,257 | 227,543 |

Во 2018 година, обврските во интерни односи се целосно, без остаток, пребиени со побарувањата во интерни односи (Белешка 4.)

## 13. ТЕКОВНИ ОБВРСКИ ЗА ПРОШИРЕНА РЕПРОДУКЦИЈА НА ШУМИТЕ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2018 | 31 декември 2017 |
| Обврска за издвојување за проширена репродукција на шумите | 286,564 | 249,901 |
| | **286,564** | **249,901** |

Тековната обврска во вредност од Ден 286,564 илјади (2017: Ден 246,901 илјади) се однесуваат на законската обврска на Друштвото да издвојува 3% од вредноста на исеченото дрво франко камионски пат, за потребите на проширена репродукција на шумите. Согласно Законот за шуми, овој износ треба да се уплатува секоја година на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија,во спротивно, во согласност со член 102.27 од Законот за шуми, е предвидена глоба за правното лице од ЕУР 20,000 во денарска противвредност.
Во Претпријатието не постои детално интерно упатство за унифициран сметководствен третман на пресметката на обврската за проширена репродукција по подружници.

Треба да се разгледа можноста обврската за издвојување за проширена репродукција за 2018 година, да биде намалена за нето износот на трошоците за настанот Ден на дрвото (Белешка 5.)
Движењето на обврската за проширена репродукција е следно:

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2018 | 31 декември 2017 |
| Обврска за издвојување за проширена Репродукција на шумите на 1.1. | 249,901 | 220,104 |
| Издвојување за проширена репродукција за годината (Белешка 25) | 36,663 | 30,558 |
| Намалување на обврска евидентирано кај ШС Осогово-Крива Паланка (Белешка 20) | - | (761) |
| | **286,564** | **249,901** |

Средства за проширена репродукција на шумите во државна сопственост се обезбедуваат со издвојување одреден процент од вредноста на исеченото дрво, франко камионски пат во шуми. Вредноста на исеченото дрво франко камионски пат се утврдува со ценовници што не се ревидирани повеќе години во смисла на нивно приближување кон пазарните цени. Поради тоа, може да дојде до преценување / потценување на вредноста која е потоа основа за утврдување на обврската за проширена репродукција

## 14. ОСТАНАТИ ТЕКОВНИ ОБВРСКИ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2018 | 31 декември 2017 |
| Обврска за ДДВ | 73,066 | 105,426 |
| Обврска за данок од добивка | 9,778 | 7,586 |
| Обврски за даноци и придонеси на плати | 23,202 | 20,272 |
| Персонален данок | 7,333 | 7,181 |
| Данок на имот | 1 | 32 |
| Обврска за камати | 17 | 17 |
| Обврска за плати | 70,681 | 67,507 |
| Обврски за УО и НО | 321 | 203 |
| Останати обврски | 3,708 | 3,508 |
| Обврски за наем | 2,080 | 928 |
| ПВР | 3,571 | 9,432 |
| | **193,758** | **222,092** |

## 15. КРАТКОРОЧНИ КРЕДИТИ И ПОЗАЈМИЦИ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2018 | 31 декември 2017 |
| Краткорочни кредити- | 61,400 | - |
| Позајмица на дрва | 1,721 | 2,335 |
| | **63,121** | **2,335** |

Краткорочниот кредит од Ден 61,400 илјади се однесува на револвинг кредит од Халк Банка АД Скопје, со камата од 4,5%.

## 16. ОБВРСКИ ЗА ДОЛГОРОЧНИ КРЕДИТИ

| | Тековен дел | | Не-тековен дел | | Камата годишна | Доспеаност/ рати |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2018 | 2017 | 2018 | 2017 | | |
| **Заемодавател** | | | | | | |
| ***НЛБ Банка АД-Скопје*** | | | | | | |
| Долгорочен кредит Ден 40,000 илјади | 11,332 | - | 23,112 | - | 4.47% | 36 рати,05 јули, 2021 година |
| | 11,332 | - | 23,112 | - | | |

Добиен долгорочен кредит од НЛБ Банка АД Скопје на износ од Ден 40,000 илјади, со камата од 4,47% годишно, со плаќање на 36 рати. На 31 декември 2018 година, тековниот дел на овој кредит изнесува Ден 11,332 илјади.

## 17. ДОЛГОРОЧНА РЕЗЕРВАЦИЈА ЗА ПРОСТА РЕПРОДУКЦИЈА НА ШУМИТЕ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2018 | 31 декември 2017 |
| Долгорочна резервација за шуми за проста репродукција | 151,061 | 148,706 |
| | **151,061** | **148,706** |

Долгорочната резервација за шуми од Ден 151,061 илјади (2017: Ден 148,706 илјади) произлегува од законската обврска за издвојување средства за проста репродукција на шумите во државна сопственост, што се обезбедува со издвојување 10% од вредноста на исеченото дрво, франко камионски пат во шуми.

Овие средства, согласно Законот за шуми, треба да се водат на посебна сметка.

Во Претпријатието не постои детално интерно упатство за унифициран сметководствен третман на пресметката на обврската за проста репродукција на шуми по подружници.

Средства за проста репродукција на шумите во државна сопственост се обезбедуваат со издвојување одреден процент од вредноста на исеченото дрво, франко камионски пат во шуми. Вредноста на исеченото дрво франко камионски пат се утврдува со ценовници што не се ревидирани повеќе години во смисла на нивно приближување кон пазарните цени. Поради тоа, може да дојде до преценување / потценување на вредноста која е потоа основа за утврдување на обврската за проста репродукција

*(Продолжува)*

## 17. ДОЛГОРОЧНА РЕЗЕРВАЦИЈА ЗА ПРОСТА РЕПРОДУКЦИЈА НА ШУМИТЕ (Продолжение)

Движењето на долгорочната резервација за проста репродукција на шуми во 2018 и 2017 година е следно:

| | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| | Во илјади Денари | Во илјади Денари |
| **Почетна состојба на 01.01.** | **148,706** | **287,347** |
| Зголемување еднакво на 10% од вредноста на исечено дрво франко камионски пат во шуми (Белешка 25) | 117,232 | 110,151 |
| Побарување за одложени трошоци за повеќе пресметана обврска | - | 23,581 |
| Намалување на обврската со приходи од намалување на обврска за резервација на проста репродукција со приложени ситуации (Белешка 21) | (114,877) | (75,956) |
| Отпис на обврска за резервација за проста репродукција по Одлука на Влада на Република Македонија бр.08-114/2 од 14.02.2018 година (Белешка 20) | - | (196,417) |
| **Состојба на 31.12.** | 151,061 | 148,706 |

Согласно член 94 точка 4 од Законот за шуми:
- Под проста репродукција на шумите, во смисла на овој закон, се подразбира одгледување, заштита на постој-ните шуми, изградба на шумски патишта, техничко опремување заради вршење на работи на заштита на шумите и за изработка на планови за стопанисување со шумите.
- Средства за проста репродукција на шуми издвојуваат субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост во висина од 10% од вредноста на исеченото дрво, франко камионски пат во шума.
- Средствата од ставот (2) на овој член што ги издвојуваат субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост, се водат на посебна сметка во субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост, од-носно правното лице кое врши одгледување и заштита на шумите за посебна намена.
-Средствата за проектирање и изградба на шумски патишта, техничко опремување заради вршење на работи за заштита на шумите и за изработка на планови за стопанисување со шумите можат да изнесуваат до 40 % од ви-сината на средствата издвоени за проста репродукција на шумите.

Долгорочната резервација за проста репродукција Претпријатието е обврзано да ја евидентира на посебна (парична) сметка. Во согласност со член 101.24 од Законот за шуми, непридржувањето кон оваа обврска се санкционира со глоба во износ од ЕУР 30,000 до во денарска противвредност.

## 18. ОСТАНАТИ ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ ЗА ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2018 | 31 декември 2017 |
| Обврски за депозити и кауции (за склучени догвори за продажба на дрвна граѓа) | 5,945 | 11,070 |
| | **5,945** | **11,070** |

## 19. СОПСТВЕНИЧКА ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ

### *19.1. Државен капитал (Основна главнина)*

Структурата на основната главнина на Претпријатието на 31 декември 2018 и 2017 година, според извештајот од Централниот Регистар на Република Северна Македонија вредноста е следна:

| | % структура | | Во илјади Денари | |
|---|---|---|---|---|
| *Сопственик* | 2018 | 2017 | 2018 | 2017 |
| Влада на Република Северна Македонија | 100% | 100% | 5,940,384 | 5,940,384 |
| **Вкупно основна главнина** | **100%** | **100%** | **5,940,384** | **5,940,384** |

### *19.2. Задолжителна(законска) резерва*

Претпријатието има задолжителна резерва, како општ резервен фонд, која се формира по пат на зафаќање на 5% од нето добивката. Издвојувањето се врши сѐ до моментот додека резервата не достигне износ кој е еднаков на 10% од основната главнина.

До достигнување на законскиот минимум, оваа резерва може да се користи само за покривање на загуба, а кога ќе го надмине предвидениот минимум, вишокот може да се користи, по претходно донесена одлука на УО, и за дополнување на износот утврден за исплата на сопственикот.

*(Продолжува)*

## 19. СОПСТВЕНИЧКА ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ (Продолжение)

### 19.3. *Ревалоризациона резерва*

Во 2013 година е спроведена проценка на капиталот на Претпријатието, а ефектот од зголемување на објективната вредност на биолошките средства-шуми е однесен на ревалоризациона резерва. Од тој момент,заклучно со 31.12.2018 година, хронологијата на промените во ревалоризационата резерва е следна:

| Зголемување / (намалување) на вредноста на ревалоризационата резерва | Вредност во илјади Денари |
|---|---|
| **Состојба по проценка** | **55,483,699** |
| -Намалување по записник на УЈП | (869,622) |
| **Состојба на 31.12.2013** | **54,614,077** |
| -Намалување за дел за конверзија на обврски во траен влог на Владата на Република Македонија | (1,776,157) |
| -Зголемување на објективна вредност биолошки средства-шуми со примена на интерна методологија на Претпријатието | 504,935 |
| **Состојба на 31.12.2014** | **53,342,855** |
| -Намалување поради покривање на загуба од работењето | (97,539) |
| **Состојба на 31.12.2015** | **53,245,316** |
| Без промени | - |
| **Состојба на 31.12.2016** | **53,245,316** |
| Без промени | - |
| **Состојба на 31.12.2017** | **53,245,316** |
| -Зголемување од ефект на ревалоризација на градежни објекти | 5,669 |
| **Состојба на 31.12.2018** | **53,250,985** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2018**

## 20. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2018 | 31 декември 2017 |
| Приходи од продажба на домашен пазар | 1,350,763 | 1,341,264 |
| Приходи од продажба на странски пазар | - | - |
| | **1,350,763** | **1,341,264** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2018**

## 21. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2018 | 31 декември 2017 |
| Приходи од користење на сопствени добра | 722 | 1,275 |
| Приходи од наемнини | 773 | 612 |
| Приход од зголемување на објективната вредност на биолошките средства-шумите (Белешка 9) | 129,228 | 6,126 |
| Приход од зголемување на објективната вредност на биолошките средства-добиток (Белешка 10) | - | - |
| Вредносно усогласување на материјални и нематеријални средства | 95 | 20 |
| Вредносно усогласување на залихи | - | - |
| Наплатени отпишани побарувања | 18,538 | 15,778 |
| Приходи од вишоци по попис | 1,500 | 1,663 |
| Приходи од намалување обврска за проста репродукција врз основ на изработени ситуации (патишта, заштита и др.)-(Белешка 17) | 114,877 | 75,956 |
| Приходи од намалување на обврска за проста репродукција по Одлука на Влада на Република Македонија бр.08-114/2 од 14.02.2018 година (од минати години)-Белешка 17 | - | 196,417 |
| Приход од отпис на обврска за проширена репродукција (Белешка 13) | - | 761 |
| Приходи од конфискација | 23,862 | 11,176 |
| Приходи од наплатени шумски штети | - | 10,295 |
| Приходи од наплатени кусоци од одговорни лица | 490 | 8,307 |
| Приходи од премии и субвенции | 5,515 | 547 |
| Приходи од минати години | 3,965 | 18,861 |
| Останати приходи | 26,987 | 23,244 |
| | **326,552** | **371,038** |

Приходите од Ден 114,877 илјади (2017: Ден 75,956 илјади,) се однесуваат на приходи со кои директно се намалува обврската за проста репродукција која Претпријатието ја евидентира во согласност со член 94 од Законот за шуми. Овој износ, согласно член 94.4 од Законот за шуми, треба да изнесува максимум 40% од вредноста на тековниот трошок за проста репродукција (Белешка 17.)

Во 2018 година Претпријатието остварило приходи од конфискувано дрво во износ од Ден 23,862 илјади (2017: Ден 11,176 илјади.) Во согласност со член 87-а од Законот за шуми, 30% од вредноста на одземено (конфискувано) дрво се преотстапува на државни органи, дирекции и јавни и други државни установи, согласно Одлука на Владата на Република Македонија.

Од останатите 70% од вредноста на продадената дрвна маса, Претпријатието е должно да уплати 20% во Буџетот на Република Северна Македонија, додека остатокот Претпријатието може да го користи за сопствени потреби.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2018**

## 22. ТРОШОЦИ ЗА МАТЕРИЈАЛИ, ЕНЕРГИЈА, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И ОТПИСИ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2018 | 31 декември 2017 |
| Потрошени материјали и суровини | 18,265 | 30,002 |
| Трошоци за енергија | 71,009 | 66,958 |
| Резервни делови | 22,103 | 17,930 |
| Отпис на ситен инвентар | 3,863 | 3,390 |
| | **115,240** | **118,280** |

## 23. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2018 | 31 декември 2017 |
| Бруто плати и надоместоци | 877,722 | 783,491 |
| Трошоци за службени патувања | 259 | 157 |
| Надоместоци за УО и НО | 2,654 | 2,560 |
| | **880,635** | **786,208** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2018**

## 24. ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2018 | 31 декември 2017 |
| Транспортни трошоци | 171,777 | 182,248 |
| Поштенски (пошта, телефони и тн.) | 9,187 | 7,787 |
| Надворешни услуги | 107,097 | 104,510 |
| Одржување | 11,890 | 11,920 |
| Наемнини | 28,786 | 16,342 |
| Комуналии | 4,906 | 6,187 |
| Осигурување | 869 | 914 |
| Банкарски | 1,650 | 1,199 |
| Останати | 13,565 | 13,794 |
| | 349,727 | 344,901 |

## 25. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2018 | 31 декември 2017 |
| Реклама и репрезентација | 2,351 | 861 |
| Трошоци за долгорочни резервации за проста репродукција согласно чл.95 од Законот за шуми (Белешка 17) | 117,232 | 110,151 |
| Трошок за вредносно усогласување на долгорочните вложувања (Белешка 11) | - | - |
| Трошок за намалување на вредноста на шумите (Белешка 9) | - | - |
| Трошоци за тековна обврска за проширена репродукција согласно чл.95 од Законот за шуми (Белешка 13) | 36,663 | 30,558 |
| Даноци и такси | 3,224 | 5,251 |
| Интелектуални услуги | 20,332 | 27,017 |
| Вредносно усогласување на краткорочни побарувања | 41 | 26 |
| Директен отпис на побарувања | 1,359 | 1,892 |
| Кусоци | 761 | 12,616 |
| Надомест на штета | 3,002 | 303 |
| Спонзорство и донации | 683 | 209 |
| Загуба од продажба на биолошки средства (стадо) | - | 1,010 |
| Други услуги | 45,562 | 41,872 |
| | 231,210 | 231,766 |

## 26. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ /(ТРОШОЦИ)-НЕТО

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2018 | 31 декември 2017 |
| Трошоци за камати и затезни камати | (15,326) | (57,333) |
| Негативни курсни разлики | (53) | (12) |
| Приходи од камати | - | 3,303 |
| Позитивни курсни разлики | - | - |
| Останати финансиски расходи | (45) | - |
| Останати финансиски приходи | 1,704 | - |
| | **(13,720)** | **(54,042)** |

## 27. ДАНОК НА ДОБИВКА

Тековните трошоци за данокот на добивка се пресметуваат според Законот за данок на добивка кој се применува во Република Северна Македонија. Законскиот данок на добивка во 2018 од 10% се пресметува добивката од Билансот на успех, корегирана за износот на непризнати расходи.

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2018 | 31 декември 2017 |
| Добивка/(загуба) пред оданочување | 18,265 | 75,735 |
| **Данок на добивка 10% (2017:10%)** | (2,191) | (7,798) |
| Ефективна даночна стапка: | **11.99%** | **10,29%** |

## 28. УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИТЕ РИЗИЦИ

***Кредитен ризик***

Основните финансиски средства на Претпријатието се салда кај банки и парични средства, побарувања од купувачите и други побарувања.

Управувањето со кредитен ризик се врши со превземање голем број активноси од страна на раководството. Концентрацијата на кредитен ризик во Претпријатието не е голема бидејќи се работи за мали поединечни износи без при тоа да постои поврзаност меѓу клиентите.

Со цел да обезбеди подобра наплата на своите побарувања, Претпријатието ги спроведува следните активности: предлага компензации, иницира утужувања или вон судски спогодувања. Изложеноста на кредитен ризик е следна:

| | **Во илјади Денари** | |
|---|---|---|
| | **Годината што завршува на** | |
| | **31 декември 2018** | **31 декември 2017** |
| Побарувања од купувачи и други побарувања | 290,454 | 274,083 |
| Пари и парични еквиваленти | 24,356 | 7,093 |
| | **314,810** | **281,176** |

***Даночен ризик***

Македонската легислатива е предмет на разни интерпретации и чести промени. Интерпретациите на даночната легислатива кои се применуваат од страна на даночните власти врз трансакциите и активностите на Претпријатието, можат да не коиндицираат со оние на раководството. Како резултат на тоа, одредени трансакции можат,според мислење на даночните власти, да бидат предмет на оданочување, а Претпријатието може да биде приморано да плати дополнителни даноци, казни и камати, кои по својот обем можат да бидат значителни. Документацијата на Претпријатието останува отворена за контрола од страна на даночните власти за период од десет години.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2018**

## 29. НЕИЗВЕСНИ ОБВРСКИ

Финансиската документација на Друштвото не била предмет на даночна контрола од страна на надлежните даночни власти во последните две години. Дополнителни даноци и други давачки што можат да произлезат од такви контроли, во овој момент не можат со сигурност да се предвидат.

## 30. НАСТАНИ ПОСЛЕ ДАТУМОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

Зголемување на ревалоризационата резерва во износ од Ден 5,669 илјади евидентирано во 2018 година (Белешка 8) е корегирано поради неусогласеност со МСС 16-Недвижности постројки и опрема.